# Министерство за животна средина и просторно планирање

***Канцеларија за перзистентни органски загадувачи***

## *Стокхолмска Конвенција, темел за управувањето со ПХБ*

Охрид, 22-24 септември 2007

## *Потреба од меѓународен правен акт - историјат*

- Технолошки напредок и синтеза на голем број хемиски соединенија

**Почетоци**

- **Монтреал, 29ти јуни, 1998 година - прва рунда разговори за меѓународен договор за минимизирање на емисиите на неразградливите органски загадувачи**
- **Дефинирање на 12-те POPs соединенија во три групи**
    - **пестициди** (алдрин, диелдрин, ендрин, хлордан, хексахлорбензен, хептахлор, токсафен, ДДТ и мирекс)
    - **полихлорирани бифенили / ПХБ**
    - **диоксини и фурани**

# *Што е Стокхолмската Конвенција за перзистентни органски загадувачи-POPs*




- Стокхолмската конвенција е глобален договор за заштитата на здравјето на луѓето и животната средина од перзистентните органски загадувачи, популарно наречени POPs
- Конвенцијата стапи во сила на 90 от ден по денот на депонирање на 50-от инструмент за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување.
- На 22 мај 2001 година е потпишана, а неполни три години подоцна на 17 мај 2004 година стапи на сила Стокхолмската конвенција за перзистентни органски загадувачи, меѓународен договор со кој се регулира контролата, редукцијата и елиминацијата на дванаесет POPs хемикалии.
- Конвенцијата моментално е ратификувана од 147 земји.

## Основни цели на Конвенцијата

- Ја обврзува меѓународната заедница да превземе чекори за заштита на здравјето на луѓето и животната средина
- За прв пат поставува цел која става крај на ослободувањето и употребата на дванаесетте најопасни POPs хемикалии
- Најитно го забранува производството и употребата на пестицидите ендрин и токсафен во земјите кои ја ратификувале Конвенцијата
- Го забранува производството на ПХБ, но дава можност земјите да делуваат на полето на елиминацијата на опремата која содржи ПХБ заклучно со 2025 година. Обновените количини на ПХБ мора да се третираа и елиминираат до 2028 година
- Употребата на ДДТ е строго ограничена исклучиво за контрола на ширењето на маларија

## Основни цели на Конвенцијата

- Конвенцијата бара од Владите, потписнички на документот да превземат чекори за редукција на ослободувањата на ненамерните продукти (диоксини и фурани, хексахлорбензен, ПХБ)
- Обврзува на рестрикција на увозот и извозот на десетте намерно произведени POPs хемикалии, освен ако се транспортираат заради нивно одлагање на еколошки прифатлив начин.
- Земјите-членки треба да изработат Национален имплементационен план за имплементација на Конвенцијата.

## *Обврски на земјите членки кон Конвенцијата*

- Обврска на секоја идна земја членка на Конвенцијата ќе биде **изготвување на планови за имплементација** на своите обврски кон Конвенцијата, со утврдување на можностите за интегрирање на националните планови за неразградливите органски загадувачи во стратегиите за одржлив развој.
- Конвенцијата предвидува секоја земја членка да **поднесува извештаи** до Конференцијата на земјите членки за мерките кои ги превземала за имплементација на одредбите од оваа Конвенција и за ефективноста на тие мерки во исполнувањето на целите на Конвенцијата.
- Секоја идна земја членка на Конвенцијата ќе овозможи или превземе **размена на информации.** Секоја земја членка, во рамките на своите капацитети, ќе промовира јавно информирање, јавна свест и едукација во однос на управувањето со перзистентните органски загадувачи.
- Земјите членки, во рамките на нивните можности, ќе поттикнат и/или преземат соодветни **истражувања, развој, мониторинг и соработка** во однос на овој вид хемикалии.

## Обврски на земјите членки кон Конвенцијата

- Конвенцијата дава можност за навремена и соодветна техничка помош, како одговор на барањата на земјите членки во развој и земји членки со економии во транзиција.

- Почнувајќи од четвртата година од влегување во сила на Конвенцијата, и потоа периодично во интервали за кои ќе одлучи Конференцијата на земјите членки , Конференцијата ќе ја оценува ефективноста на Конвенцијата.

## Република Македонија земја членка на Стокхолмската Конвенција

- Стокхолмската Конвенција за перзистентни органски загадувачи Република Македонија ја потпиша на 22 мај 2001 година на конференцијата за министри и други владини претставници во Стокхолм, Кралството Шведска.

- Во Ноември 2001 година Глобалниот еколошки фонд (GEF) одобри финансиска поддршка за имплементација на проектот "Овозможувачки активности за олеснување на раното делување на имплементацијата на Стокхолмската конвенција за перзистентни органски загадувачи", чиј финален продукт беше подготовка на Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на POPs (НИП).

## Република Македонија земја членка на Стокхолмската Конвенција

- Министерството за животна средина и просторно планирање во мај 2002 година воспоставува посебна единица - Канцеларија за перзистентни органски загадувачи како интегрален дел на министерството, преку која се изготви прелиминарниот инвентар за хемикалиите кои се од интерес на Конвенцијата.

- Стокхолмската конвенција за POPs е ратификувана на 19 март 2004 година од страна на Собранието на Република Македонија.

- Владата на Република Македонија на Деветтата седница од 24.01.2005 година го усвои Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на POPs, и за координатор на активностите за спроведување на акциите од НИП во Република Македонија го определи Министерството за животна средина и просторно планирање преку својата Канцеларија за POPs.

# Статус на имплементација на Стокхолмската Конвенција за POPs во Република Македонија

## *Стокхолмската Конвенција темел за управувањето со ПХБ*

| Член од Конвеницијата | Текст од Конвенцијата |  |
|---|---|---|
| Прилог A Дел II, Полихлорирани бифенили<br>*потстав* **а)** | **Секоја земја членка:**<br>во поглед на елиминацијата на употребата на полихлорираните бифенили во опрема (пр: трансформатори, кондензатори или други патрони кои содржат течни материјали) до 2025 година што подлежи на ревизија од Конференцијата на страните, ќе преземе акција во согласност со следниве приоритети: | **I)** ќе вложуваат решителни напори за идентификување, етикетирање и отстранување од употреба на опрема која што содржи повеќе од 10 проценти полихлоринирани бифенили и зафатнини поголеми од 5 литри,<br>**II)** ќе вложуваат решителни напори за идентификување, етикетирање и отстранување од употреба на опрема која што содржи повеќе од 0,05 проценти полихлоринирани бифенили и зафатнини поголеми од 5 литри,<br>**III)** ќе настојуваат да идентификуваат и отстранат од употреба опрема која што содржи повеќе од 0,005 проценти полихлоринирани бифенили и зафатнини поголеми од 0,05 литри; |

# Стокхолмската Конвенција, темел за управувањето со ПХБ

| Член од Конвеницијата | Текст од Конвенцијата | Статус на имплементација |
|---|---|---|
| Прилог A Дел II, Полихлорирани бифенили<br>*потстав* **е)** | **Секоја земја членка:**<br>ќе вложуваат решителни напори насочени кон еколошки-здраво управување со отпадот од течности кои содржат полихлоринирани бифенили и опрема контаминирана со полихлоринирани бифенили која има содржина на полихлоринирани бифенили над 0.005 проценти, во согласност со став 1 на член 6, што е можно порано, но не подоцна од 2028, што подлежи на ревизија од Конференцијата на Земјите членки | Министерството за животна средина и просторно планирање / Канцеларија за POPs во соработка со ЕСМ учествуваше во имплементацијата на проектот "Ефикасна дистрибуција на енергија", финансиран од Швајцарска влада. Министерството е задолжено во делот за управување со опремата која содржи полихлорирани бифенили. |

## ***Национален имплементационен план за редукција и елиминација на POPs***

***Акциониот план кој конкретно се однесува на планираните задачи за елиминација на ПХБ до 2010 година предвидува:***

- изработка и прилагодување на стратегија за комплетирање на инвентарот, собирање и одлагање на ПХБ
- изработка на поставување на контролни механизми и соработка на инспекциски тела за надзор на ПХБ отпадот
- развој на шеми за позитивно влијание врз бизнис секторот, имајќи ги во предвид улогата и одговорноста на ова поле
- обезбедување на ефективна поддршка на програма за технологии без согорување за деструкција на ПХБ
- формирање на систем за контрола на илегалниот увоз и примена на ПХБ



# Благодарам

Антонио Неделков
Канцеларија за ПОПс/МЖСПП
Тел:02 3091 535
Факс: 02 3066 929
a.nedelkov@pops.org.mk